Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за бесплатна правна помош и политички систем

**До: Фондација отворено општество-Македонија**
**ул.„Чедомир Миндеровиќ“ бр.31 Центар**
**Скопје**

Бр. 11- 2193/2
Скопје16.10.2020година

ПРЕДМЕТ: Известување

До Министерство за правда, доставено е барање на мислење по однос на Вашата предлог-иницијатива „Поддршка и развој на граѓанското општество“. Во врска со наведената иницијатива, Министерството за правда го дава следното:

**МИСЛЕЊЕ**

Со поднесената иницијатива, се предлага Владата на Република Северна Македонија да спроведе реформа на државното финансирање на граѓанското општество преку интервенција во позитивното законодавство.

***

Со Законот за здруженија и фондации (“ Службен весник на Република Македонија”, бр. 52/10, 135/11 и 55/16) се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во државава, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.

Согласно член 14 од законот, организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавно мислење.

Во член 49 од законот е уредено дека организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Владата на Република Македонија и советите на општините, советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.

Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб - страна ги објавуваат организациите кои ги добиле средствата од ставот (1) од овој член како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.

***

Со предлог иницијативата се очекува зголемена соработка меѓу граѓанските организации и Владата преку воспоставување на транспарентност и отчетен начин на распределба на средствата од Буџетот.

Согласно програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 делот „Демократија која работи за граѓаните" предвидени се реформи во системот на државно финансирање на граѓанските организации, истите регулирани со постоечките закони, се со цел зголемување на државното финансирање на граѓанските организации.

Во контекст на погоре изнесеното, а во однос на предложените измени во постоечкото законодавство Министерството за правда согласно својата политика на отвореност кон граѓанско општество ја искажува својата подготвеност за соработка со невладините организации за реформи на законската регулатива.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

Копие до:
Влада на Р.Северна Македонија
Генераклен секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации
Врска:Ваш број 43-8946/1
од 28.09.2020 година
Изработил:Татјана Тасевска помлад соработник
Контролирал: Мира Димишковска, раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification